ВИКТОРИЈА СОКОЛОВСКА
Музеј на Македонија
Скопје

УДК 903.27:738(38)

# ХЕЛЕНИСТИЧКА КЕРАМИКА ВО ПОВАРДАРЈЕТО

Апстракт: Во статијата се изнесени резултати од проучувањето на хеленистичката керамика во Повардарјето, со посебен акцент на гробните наоди од Исар–Марвинци. Според сигурни елементи за датирање установено е дека хеленистичката керамика претежно може да се смести во временските рамки од крајот на III до средината II век ст. е. Отсуството на наоди од полниот III век навестува значителна стагнација во ова време, предизвикана најверојатно со наездата на Келтите. Во источна Македонија и Скопско–кумановскиот регион хеленистичката керамика не е присутна, што навестува потполн прекин на врските со југот, појава која може да се објасни со ширење на нови етнички елементи – на исток Дентелети и Меди, на север Дарданци.

Како важна природна комуникација, долината на реката Вардар, античкиот Axios, одиграла значајна улога во распростирањето на егејската култура кон внатрешноста на Балканот. Уште во текот на бронзеното време културните струјања допирале значително далеку на север, потврдени со сигурни матерјални докази[1]. При тоа, треба да се има предвид околноста што овој простор бил населен со пајонски етнички елемент кој, како што ќе се покаже и подоцна во текот на историската епоха, бил наклонет и подготвен да ги прифаќа културните тековини на егејскиот свет. На овие контакти треба да се припише и раната појава на населби посведочени во литературните извори. Уште кај Херодот се споменуваат пајонски градови /poleis/ што ги освоил Мегабаз во времето на грчко–перскиските војни[2]. Во врска со походот на Одрискиот цар Ситалк на Македонија во 429 година ст.е. се споменува пајонскиот град Добер и македонските градови Еидомене, Гортинија, Аталанта и Еуроп[3]. Табула Пеутингеријана ја бележи станицата Стенаи, која се лоцира кај Демиркаписката клисура[4]. Нешто посеверно, кај Неготино, на локалитетот

---

[1] Гарашанин, М., Праисторија југословенских земаља, IV, Бронзано доба, Сарајево 1983, 754 и н.

[2] *Herod. V, 15.*

[3] *Thuk. II, 98–100.*

[4] *Tab. Peut. VII,5 – VIII,1 – Stopis–XII–Antigonia–XI–Stenas–XII–Idomenia.* Прашањето кое се однесува на името на населбата се уште останува отворено. За ова види: Ф. Папазоглу, Македонски градови у римско доба, Скопје 1957, 242

Градиште, се претполага дека се наоѓала Антигонеа[5]. На устието на Еригон во Аксиос ситуиран е градот Стоби[6]. Кон исток, во Овчеполието, на локалитетот Градиште, с. Кнежје, лежат остатоци од значајна населба, за која е изнесена мошне уверлива претпоставка дека може да се идентификува со пајонскиот град Билазора[7]. Натаму кон север, во Тетовско–гостиварските Полози и Скопско–кумановскиот регион, археолошките остатоци на теренот навестуваат интензивен и динамичен живот во времето на раната антика. Меѓу населбите констатирани на овој простор треба да се бараат Пелагија и Сарноа, градови за кои знаеме дека ковале монети во ковницата на Дамастион[8].

Археолошките истражувања на овие локалитети дадоа изобилство керамички наоди, кои од своја страна претставуваат драгоцено сведоштво за согледување на културниот развој на населбите во античко време. Во оваа прилика ќе се осврнеме на керамиката од хеленистичката епоха, како и на констатациите кои произлегуваат од нејзиното проучување.

Еден од најсеверните локалитети во Повардарјето каде е откриена хеленистичка керамика е познатиот град Стоби. На потегот каде сега се наоѓаат римските и доцноантичките градби се пружала предримската некропола, расположена во подножјето на акрополата. Со испитувањето на темелните партии на овие архитектонски објекти се наидува на фрагменти од керамички садови, кои првобитно претставувале гробна содржина, сега потполно дислоцирана. Како најмаркантни се јавуваат рељефните калапени чаши, чија декорација се вбројува во широко распространетиот репертоар на орнаменти: оволо, меандар, морски бранови, како и претстави на човечките фигури инспирирани од Хомеровските сижеи[9]. Датрани се во периодот од 225–150 година[10]. Во еден гроб откриен под темелите на палатата Перистериа, најдени се неколку железни клинци и една пиксида, премачкана со разреден црн фирнис. Од горната страна капакот е украсен со круг од палмети во West Slope техника. Типолошките карактеристики и присуството на темната глазура дозволуваат пиксидата да ја датираме во крајот на 3. век ст.е[11].

---

[5] Микулчиќ, I.,*Кон проблемот на Антигонеја*, Годишен зборник на Ф. Ф. на Универзитетот во Скопје, 37, Скопје 1984, 111.

[6] *Tab. Peut. VII*, 5.

[7] Мукулчиќ,I.,*Убикација на Билазора*, Годишен зборник на Ф. Ф. на Универзитетот во Скопје, 28, Скопје 1976, 149 и н.

[8] *May, J.M.F., The Coinage of Damastion, London 1939*, 169 и н., 195 и н.; *Hammond, N. G. L., History of Macedonia, Vol. II, Oxford* 1978, 669.

[9] *Anderson, V., Pottery of the Hellenistic and Early Roman Periods of Stobi, Austin* 1977, br. 340–347, 386, 395–400;

[10] Битракова–Грозданова, В., *Споменици од хеленистичкиот период во СР Македонија*, Скопје 1987, 55.

[11] Sokolovska, V., *Investigations in the House of Peristerias, Studies in the Antiquities of Stobi, Volume II, Beograd 1975, 135.*

Од Демир Капија потекнуваат повеќе примероци од квалитетни рељефни чаши со тенки ѕидови и прецизно изведени цртежи. Заслужува да биде истакнат фрагментот на кој е претставена кавгата меѓу Агамемнон и Ахил, сцена дополнета со натпис: ΑΓΑΜΕΜΝΩΝ, ΑΧ ... Како декоративни елементи присутни се оволо, спирали, розети, т.н. bols à qodrons и др[12]. Датирањето на оваа керамика може грубо да се смести во рамките на 2. век ст.е. со почетоци од крајот на 3. век ст.е. Фрагментите потекнуваат од културни слоеви чија прецизна дата не е установена.

Со испитувањата на Вардарски Рид кај Гевгелија откриени се неколку фрагменти од рељефни калапени чаши. Пак се среќаваме со познатите декоративни мотиви и претстави на воини прикажани со шлем и штит. На едно парче е натпис...ΝΙΣ ΝΕΝΤΟΣ..ΔΑ..[13] Керамиката е откриена во културните слоеви од населбата кои припаѓаат на подоцнежното хеленистичко време.

Систематските ископувања на Исар–Марвинци, недалеку од Валандово изведувани се континуирано од 1977–1985 година. При тоа беа испитани дел од акрополата и дел од јужната некропола со што е откриен значителен фонд на хеленистичка керамика. Се покажа дека таа ги следи доцнохеленистичките слоеви од населбата. Покрај керамиката декорирана во т.н. West Slope техника, сега се особено бројни ехинус панички, ихтии, панички со извиен раб, плитки чинии украсени со втиснати палмети, амфори и други видови садови типични за ова време. Застапени се бројни примероци од калапени чаши со рељефна декорација. Последниот хоризонт на живеење даде повеќе примероци од плитки чинии со низок вертикален раб, неколку светилки и вретенести унгвентариуми. Хеленистичките слоеви проследени се со садови за кујнска употреба со различки форми и добар квалитет: грнци со широк отвор, бокали и разни варијанти на длабоки паници. Во гробовите од ова време, покрај теракоти, накит и други прилози, откриени се убави примероци од разновидни керамички садови[14]. Во оваа прилика ќе се задржиме на неколку гробни целини значајн според својата содржина и можностите за попрецизно временско определување.

---

[12] *Вучковић Тодоровић, Д., Античка Демир Капија*, Старинар XI, Београд 1961, Сл. 91–108; Соколовска, В., *Исар–Марвинци и Повардарјето во античко време*, Скопје 1986, 49, Сл. 18, 9–13; Битракова Грозданова, В., О.с., Т. IX, Сл. 5, Т. X, Сл. 4, 7.

[13] Соколовска, В., *Исар–Марвинци*, 53, Сл. 22, 16–18; Битракова–Грозданова, В., О.ц., Т. III, 8.

[14] Поголем дел од хеленистичката керамика откриена на локалитетот објавен е во, Соколовска, В., *Исар–Марвинци 80*, Т. 14–21, 25–29, 64–74.

ГРОБ 17 – правоаголна јама, дим.: 1,96 x 0,86 м., ориентација исток–запад. Внатрешната страна околу главата облепена со слој од бел варов малтер. Прилози:

– Теракота на жена, вис. 31,5 см., облечена во долг хитон и химатион со дијадема на главата. Левата рака подбочена на колкот, десната спуштена долж телото.

– Теракота на жена, вис. 25,5 см., облечена во хитон и химатион. Делумно оштетена.

– Долен дел од женска теракота во долг хитон. Сочувана вис. 13,5 см.

– Пар златни обетки во вид на гулаб со тордирина алка, изработени во техника на филигран.

– Сад со две вертикални рачки и капак, вис. 15 см., премачкан со разредена темна глазура. Сочувани траги од украс во West Slope техника.

– Три вретенести унгвентариуми, вис. 17,8, 17,6, 10 см.

– Пиксида со вис. 17,5 см., поставена на нозе во вид на лавовски шепи. На капакот рељефна претстава на жеснко попрсје со дете /Афродита, Артемида/ околу венец од бршленови лисја во West Slope техника. Светлоцрвена глина со иста глазура.

– Пиксида, вис. 12 см., од поморанџасто–црвена фина глина и убава глазура со тенки ѕидови, на висока прстенеста нога. Капакот украсен со рељефна апликација на Дионис, околу венец од бршљанова лозница во West Slope техника.

– Две идентични пиксиди на прстенеста нога. Вис. 11 см. На капакот рељефна апликација на машка глава со бујна коса, веројатно Дионис. Во гробот се најдени делови од други теракоти, нога од пиксида во вид на лавовска шепа и фрагменти од перли[15].

Стилот на теракотите и формата на пиксидите одговараат на бројните гробни наоди од Бероја[16]. Склони сме Гроб 17 да го датираме во првата половина на 2 век ст. е.

ГРОБ 25 – длабока правоаголна рака, 1,92 x 0,80 м., покриена со плочи. Околниот простор скалесто засечен. На источниот раб сочувани два хоризонтални и еден вертикален засек, веројатно за зацврстување на надгробна стела. Ориентација исток–запад. Гробницата била ограбена, но при дното најдени се следните предмети:

– Златна обетка во форма на Ерос со крила.

– Златна обетка во форма на Ерос со крила, нешто поинаква од горната.

---

[15] Соколовска, В., *Исар–Мрвинци*, Т. 14, Сл. 1–3; Т. 15, Сл. 1–8; Т. 16, Сл. 1–6.

[16] Αικ, Ρωμιοπούλον – |ωαν. Τονραΐσογλον, ΕΚΤΗΣ ΑΡΧΑΙΑΣ ΒΕΡΟΙΑΣ, (ΑΝΑΤΥΠΟΝ ΕΚ ΤΟΥ ΙΔ' ΤΟΜΟΥ ΤΩΝ „ΜΑΚΕΔΟΝΙΚΩΝ", ΘΕΣΣΑΛΟΝΙΚΗ 1974, Π2V. I, α;

– Гема од карнеол, со длабната претстава на атлет.
– Ехинус паничка, вретенест унгвентариум, тег и капак од пиксида.
– Бронзена монета на Амфакситида датирана 187 – 186. – А. Глава на Аполон со лавров венец на д. Р. ΜΑΚΕΔΟΝΟΝ, во средината троножец[17].

Според монетата, како и другите наоди, гробот го датираме околу средината на 2. век ст.е[18].

ГРОБ 26 – правоаголна гробна рака дим. 2,16 x 0,60 м. со ориентација југоисток – северозапад. Како негово обележје кај главата бил поставен голем груб камен. Скелетот делумно сочуван.
Во гробот се најдени следните прилози:
– Мала амфора од светлоцрвена глина. Вис. 24 см.
– Железна алка кај левата рака.
– Железен стригилис, фрагментиран.
– Златен лим со спирални орнаменти, во устата на покојникот.
– Бронзена монета на Амфиполис датирана 187 – 31. – А. Глава на Посејдон со лавров венец на д. Р. ΑΜΦΙΠΟΛΙΤΩΝ и бездоган во дабов венец[19].

Според монетата и типот на амфората, честа во гробовите од хеленистичката некропола во Берোја, гроб 26 можеме да го датираме околу средината на 2. век ст. е[20].

ГРОБ 29 – правоаголна рака, дим.: 1,92 x 1,00 м. ориентација исток – запад. Прилози:
– Ехинус паница.
– Ојнохоа со рељефна глава на Херакле аплицирана на рачката. Вис. 19 см. Датирана 2. век ст. е[21].

ГРОБ 117 – плитко укопана рака дим. 1,25 x 0,40 м. со ориентација исток – запад. Покојникот бил кремиран, од што се сочувани нагорени коски и пепел. Прилози:
– Фрагментирана калапена чаша со сцени на симплегма и гирланди.
– Фрагменти од две садчиња.
– 12 железни клинци со широка глава.
– Две монети на Тесалија. – А. Глава на Аполон со ловров венец на д. Р. ΘΕΣΣΑΛΩΝ. Атена Итонија фрла копје и се брани со штит[22].

Датирањето на монетите во време од 196 – 146 година, го определува времето на ова погребување[23].

---

[17] Gaebler, H., *Die Antiken Münzen von Makedonia und Paionia*, Berlin, 1935, 4, 24.
[18] Соколовска, В., *Исар–Марвинци*, Т. 17, Сл. 1–7.
[19] *Gaebler, H. O. C.* 54, 2.
[20] Соколовска, В., *Исар–Марвинци*, Т. 18, Сл. 3–5.
[21] Ibid., Т. 18, Сл. 1, 2.
[22] Head, B. V., *Historia numorum*, Oxford 1911, 311.
[23] Соколовска, В., *Исар–Марвинци*, Т. 17, Сл. 8, 9.

ГРОБ 123 – значително оштетен. Прилози:
– Десет женски теракоти, од кои се три целосно сочувани, а другите фрагментирани.
– Пиксида о бледоцрвена глина со издолжена форма. Премачкана со разреден темен премаз. Сочувани траги од West Slope декорација. На капакот рељефна апликација–глава на Атена со шлем.
– Вретенест унгвентариум од светло кафена глина, сочувана вис. 17 см.
– Два железни клинци.
Типолошките одлики на пиксидата и унгвентариумот, како и стилот на теракотите го навестуваат крајот на 3. или почетокот на 2. век ст. е. како време на ова погребување[24].

ГРОБ 138 – правоаголна рака, дим. 2,05 x 1,00 м., ориентација исток – запад. Прилози:
– Калапена чаша од светло–црвена глина, фрагментирана. Прикажани се свирачица на харфа, свирач на дипли, сатири во игра и кратер, како и заден дел од коњ кој можеби го претставува Пегаз. (Т.1, сл. 1).
– Squat унгвентариум со сив премаз, вис. 7,5 см. (Т.1, сл. 3).
Според типот и стилот на чашата, гробот можеме да го датираме во првата половина на 2. век од ст.е.

ГРОБ 142 – Гробница всечена во карпа со комора, предкомора и скали, ориентирана во правец север – југ. Од нивото на теренот преку четири скали шиоки 1,86 се слегува во правоаголна преткомора со димензии 1,90 x 2,20 м. Преку влез широк 0,85 м. се влегува во комората голема 2,15 x 2,15 м. Гробната комора била засведена. По рушењето и ограбувањето на гробницата, останати се следните прилози:
– Теракота на жена облечена во долг хитон и химатион. Десната рака потпрена позади на колкот, во левата спуштена го држаи крајот од наметката. На главата има дијадема. Вис. 28 см.
– Теракота на жена, идентична на претходната, без глава. Сочувана височина 22,5 см. Работена од ист калап.
– Теракота на жена, адекватна на претходните но со спротивен став и положба на рацете. Главата е нешто поисправена. Дијадемата и обетките идентични. Вис. 27,5 со реконструираниот долен дел.
– Амфора од бледоцрвена глина, на горниот дел украсена со хоризонтални и една брановидна линија со црвена боја. Вис. 27,6 см.
– Долен дел од голема пиксида поставена на три нозе во вид на лавовски шепи. На проширениот дел од пиксидата, над секоја ногарка се наоѓа по една минијатурна пиксида во иста

---

[24] *Ibid.* Т. 16, Сл. 7. 19, Сл. 1–4; Т. 20, Сл. 1, 3, 4.

форма како големата. Вис. 12 см. Глина црвена, нешто погруба. Гробницата, како и нејзиниот прилог се датирани во рамките на 2. век од ст.е[25]. Јас се определувам за времето околу средината на 2. век ст.е.

ГРОБ 143 – Правоаголна рака, дим. 200 x 0,80 м. Ориентација исток–запад. Прилози:
– Мала амфора од бледоцрвена глина, на горниот дел украсена со црвени линии. Вис. 27 см. (Т.1 сл.4)
– Паница од темно сива глина, од надвор украсена со црвени, кафени и бели линии. Вис. 7,6 см. (Т.1, сл.5)
– Ехинус паница од бледоцрвена глина. Вис. 3,8 см.
– 13 железни клинци.
– Фрагментиран железен стригилис.
– Монета на Амфакситида, датирана 187 – 186, А. Глава на Атена со шлем на д. Р. MAKE/ΔONON, коњаник во храстов венец (Т.1, сл.6)[26].

Според типот на амфората, гробот можеме да го датираме во времето околу средината на 2 век ст. е.

Керамичките наоди од Повардарјето, особено оние откриени на локалитетот Исар–Марвинци, покажуваат извесни специфичности кои се јавуваат како заеднички особености за овој простор во хенелинистичко време. Така, калапените чаши според формата, сижеите и стилот во изведбата на претставите покажуваат блискост со атичките и делоските типови. Пиксидите приоѓаат на еден ист тип, со мали разлики во формата, декорирани во West Slope стил и со карактеристични рељефни апликации на средината на капаците. Се чини дека оваа форма се јавува како специфична појава за македонското подрачје. Неколку амфори, најдени во гробови, кај кои е забележително проширување на долниот дел од телото, се специјално изработувани за погребни цели. Тоа се однесува и за садовите со капак и две вертикални рачки.

За сите споменати керамички фирми најблиски аналогии наоѓаме во гробните наоди од Бероја, кои припаѓаат на истото време. Ако при тоа имаме предвид дека стилот на теракотите од Исар – Марвинци покажува голема сродност со теракотите од Бероја, тогаш можеме да заклучиме дека во хеленистичко време на македонскиот простор постои едно културно единство манифестирано со специфичен стил и одлики.

Во контекстот на проучувањето на хеленистичката керамика во Повардарјето и пошироко на територија на Пајонија, излегуваат на површина два моменти значајни за осве-

---

[25] Микулчиќ, Г., *Хеленистичка гробница од Марвинци*, Културно наследство XII–XIII, Скопје 1988, 71 и н.
[26] *Gaebler, H., O. cit. 4, 21.*

тлување на економските и историските прилики на овој простор во хеленистичко време.

Според претходното излагање може да се заклучи дека хеленистичката керамика во најголем дел се сместува во временските рамки од крајот на III до средината на II век ст.е. Поедини керамички форми живеат и понатаму. Меѓутоа, материјал кој со сигурност може да се припише на полниот III век е малуброен и скромен по својот квалитет. Оваа појава зачудува кога се има предвид дека во текот на IV век постоел голем прилив на грчка керамика од атички тип. Дури од крајот на III век повторно среќаваме квалитетни прдмети кои зборуваат за оживување на трговските врски со југот. Ваква слика даваат и други арехолошки наоди. Кога сето ова се има предвид може да се заклучи дека во поголемиот дел на III век настанала извесна стагнација која довела до осиромашување, а можеби и до депопулација на овој простор. Причините за ваквата состојба единствено би можеле да се ојбаснат со големите пустошења што се јавуваат како последица од наездата на Келтите од 280/79 год. ст.е.

Уште еден значаен заклучок кој може да се извлече врз база проучувањето на хеленистичката керамика се однесува на определувањето на пајонската територија во хеленистичко време. Како што имаме истакнато повеќе пати до сега, во текот на IV век од ст.е. Скопско – кумановскиот регион и Источна Македонија обилуваат со импортирана грчка керамика, локална хеленизирана керамика, а се среќаваат и други наоди увезени од југот. Во текот на III и II век на овој простор потполно отсуствуваат импортирани предмети или предмети работени по пример на овие. Овој драстичен прекин на културните врски со Југот мора да се објасни со даоѓањето на други народи на овој простор и нивнот постојано населување. Како што е од подоцнежните извори познато во Скопско–кумановскиот регион сега се доселуваат Дарданците, додена во Источна СР Македонија се шират тракијските племиња Дентелети и Меди[27].

[27] Соколовска, В., *Исар–Марвинци*, 143 и н.



1



2



3



4



5



6

*Сл. 1–3 – Наоди од Гроб 138; Сл. 4–6, – Наоди од Гроб 143.*

## SUMMARY

### *Viktorija Sokolovska:* HELLENISTIC POTTERY IN THE VALLEY OF THE VARDAR

The pottery finds from the valley of the Vardar river, especially those discovered on the site Isar–Marvinci show specific features, which are characteristic common to this area during the hellenistic period. In such a way, the moulded bowls according to their form, the repertoire, and the style of the depicted compositions, indicate the attic type. The pyxides belong to the one and same type, having slight variations in form, decorations in the West Slope style, and characteristic relief application on the middle of the lids. It seems that this form appears specifically in Macedonian territory. On a few discovered amphoras from graves which specially produced for funerary puproses, a widening of the bottom part of the doby has been noted. This also applies for the vessals with a lid and two vertical handles.

For all the above mentioned pottery forms we find close analogies with the funerary finds in Beroia, which belong to the same period. If we keep in mind that the style of the terracotta figurines from Isar–Marvinci shows a large resemblance to the terracottas from Beroia, we may then conclude, that during the Hellenistic period on the Macedonian territory existed a cultural unity, manifested by a specific style and feature.

In the context of the study on Hellenistic pottery in the valley of the Vardar river and into the territory of Paionia, two important moments of great meaning throw light on the economic and the historical conditions during the Hellenistic period in this area.

From the above stated material it can be concluded that greater part of the Hellenistic pottery can be dated from the end of the 3^rd^ century B. C. to the middle of the 2^nd^ century B. C. Some pottery forms continue as well as the development of new forms deep into the 1^st^ century B.C. However, the material which with certainty can be attributed to the 3^rd^ century B.C. is not numerous and is of modest quality. This fact is puzzling, when we have in mind that during the 4^th^ century there is a large import of the Attic Greek pottery originating from the south. Towards the end of the 3^rd^ century once again we find good quality objects, which speak of the revitalized trade connections with the south. The other avcheological finds give also the same picture. When we have all this in mind, we can conclude that during the 3^rd^ century B.C., a long period of stagnation arose which lead to poverty, and most probably to depopulation on this space. The reasons for this state may only be explained with the large plunderings undertaken by the Celts from 280/79 B.C.,

A second important conclusion which can be deduced on the basis of the study on the hellenistic pottery is a determnation of the Paionian territory during the hellenistic period. As we have stated in our other papers, during the 4^th^ century B.C. the Skopje–Kumanovo region and the area which is part of eastern SR Macedonia (Shtip, Kratovo, Vinica) is rich with imported Greek pottery, as well as with local pottery produced and inspired by the Greek examples, and pottery imported from the south. During the 3^rd^ century and the 2^nd^ century B.C. in this territory there is a total absence of imported goods, or finds based on the examples from the south. This drastic interruption of the cultural connections with the south can only be explained by an arrival of other new populations to this area and their permanent settlement. As it is known form later sources, the Skopje–Kumanovo region was then populated and settled by the Dardanians, while in the territory of east SR Macedonia the Thracian tribes of Maedi und Dentheleti spread.